**М-р Мартина Дранговска Мартинова**[1]

# ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА СЕКСУАЛНАТА ЗЛОУПОТРЕБА И ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ДЕЦА: ПОТРЕБА ОД НОВИ КАЗНЕНОПРАВНИ КАТЕГОРИИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1.02 Прегледна научна статија**
**УДК 364.633-053.2:004.738.5]:340.13(497.7)**
**УДК 343.542.1-053.2:004.738.5]:34(4-672ЕУ)**

**Апстракт**

Дигиталната трансформација создава нови, технолошки посредувани форми на сексуална злоупотреба и експлоатација на деца што значително ги надминуваат традиционалните казненоправни концепти и создаваат сериозни предизвици за националните правни системи. Иако меѓународните и европските стандарди веќе ја интегрираат дигиталната димензија во своите обврзувачки рамки, законодавството во Северна Македонија сè уште не го следи соодветното ниво на нормативна прецизност и технолошка усогласеност. Овој труд ја оценува националната казненоправна рамка во однос на меѓународните стандарди и релевантните политики на Европската Унија, при што се идентификуваат клучни празнини во опфатот, дефинициите и практичната применливост на постојните инкриминации.

Преку правно-доктринална анализа и компаративен пристап, трудот утврдува дека законските одредби недоволно одговараат на современите облици на злоупотреба, меѓу кои: онлајн наведување и манипулација на деца, сексуална уцена со дигитални содржини и злоупотреби засновани врз синтетички генерирани визуелни материјали. Недостигот на експлицитни, технолошки соодветни инкриминации резултира со делумно санкционирање на делата и со значителни ограничувања во ефективноста на казненото гонење.

[1] Магистер по казнено право, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“, Институт за казнено право. Истражувачки интереси: дигитални права, заштита на личните податоци, заштита на деца. Е-пошта: mmartinova@proton.me.

Трудот завршува со предлог-насоки за воведување нови казненоправни категории и модернизација на постојните норми со цел обезбедување поцелосна, современа и проактивна заштита на децата во дигиталната средина.

**Клучни зборови:** *дигитална сексуална злоупотреба, експлоатација на деца, казненоправна заштита, онлајн криминалитет, материјали од сексуална злоупотреба на деца*.

## 1. Вовед

На глобално ниво, околу 300 милиони деца годишно (или приближно едно од осум) се изложени на некаква форма на онлајн сексуална злоупотреба или експлоатација[2]. Меѓународните извештаи доследно укажуваат на тоа дека овој феномен добива размери на глобална епидемија со драматичен обем, забрзана динамика и јасно изразен транснационален карактер. И покрај растечката алармантност, многубројните меѓународни тела предупредуваат дека регистрираните случаи претставуваат само мал дел од реалната распространетост, што упатува на исклучително висока „темна бројка“.

Оваа диспропорција е видлива и во Северна Македонија. Во 2024 година се регистрирани 12 случаи на сексуална злоупотреба на деца преку интернет,[3] но ваквите бројки не ја одразуваат вистинската распространетост на проблемот. Недоволната евиденција на делата е повеќеслоен феномен, кој ја следи истата динамика на недоволна регистрираност забележана и на глобално ниво.

Еден од клучните фактори за оваа разлика е нормативниот јаз помеѓу брзата дигитална еволуција и традиционалната казненоправна рамка. Во најновиот Извештај на

[2] University of Edinburgh. (2024, May 28). Scale of online harm to children revealed in global study, https://www.ed.ac.uk/news/2024/scale-of-online-harm-to-children-revealed-in-globa.

[3] МВР – Биро за јавна безбедност, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа, бр. 23.4-555/1, „Годишен извештај 2024“, 10 април 2025 година, http://arhiva.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Godisen%20izvestaj/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%202024.pdf.

Европската комисија за напредокот на Северна Македонија се нотира дека земјата не остварила напредок во усогласувањето со *acquis* на ЕУ во областа на сексуалната злоупотреба и експлоатација на деца.[4] Ова упатува на недоволно препознавање на дигиталната димензија на делата, бидејќи традиционалните казненоправни категории – како полово дејство со дете или посредување во проституција – не се соодветни за новите хибридни и технолошки посредувани форми на злоупотреба. Овој нормативен јаз ја ограничува заштитата на децата и ја отежнува работата на истражните и судските органи.

Целта на овој труд е да ги утврди суштинските празнини во постојната казненоправна рамка на Северна Македонија во однос на современите дигитални форми на сексуална злоупотреба и експлоатација на деца и да предложи насоки за нејзино усогласување со актуелните меѓународни и европски стандарди. Во таа насока, анализирани ќе бидат релевантните одредби на Кривичниот законик и споредени со применливите меѓународни документи со цел да се изведат јасни материјално-правни и процесно-правни заклучоци.

Во овој труд, дигиталната сексуална злоупотреба и експлоатација на деца се разгледува како целина од дејства во кои информациските и комуникациските технологии (ИКТ) не се само средство на посредување, туку и суштински елемент на самото извршување. Овој опфат ги вклучува: дигиталното наведување и психолошка манипулација со дете со цел воспоставување сексуализирана комуникација или размена на интимни содржини; создавање, прибавување, поседување или ширење визуелни материјали што прикажуваат сексуална злоупотреба на деца – автентични, манипулирани или синтетички генерирани; сексуална уцена преку закана со објавување интимни содржини; како и злоупотреба извршена во живо преку дигитален пренос, независно од постоењето на траен запис. Овие дејства ја одразуваат технолошки посредуваната природа на современите форми на сексуална злоупотреба, кои претставуваат предмет на понатамошната анализа.

Во оваа насока, трудот се стреми да одговори на две клучни истражувачки прашања:

---

[4] European Commission, North Macedonia 2025 Report, SWD(2025) 753 final, Brussels, 4 November 2025, https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/267b368e-6b55-4a42-bb72-6395593de4da_en?filename=north-macedonia-report-2025.pdf.

(1) до кој степен постојната казненоправна рамка во Северна Македонија ги опфаќа современите, дигитално посредувани форми на сексуална злоупотреба и експлоатација на деца; и

(2) кои технолошки посредувани дејства – како што се онлајн наведување, сексуална уцена, злоупотреба во живо или синтетички создадена содржина – остануваат делумно или целосно неинкриминирани и со какви последици врз ефективноста на казненото гонење.

Во согласност со современите меѓународни стандарди, овој труд го користи терминот „материјали од сексуална злоупотреба на деца", наместо традиционалниот термин „детска порнографија". Причината е концептуална и нормативна: порнографијата претпоставува доброволност и согласност – елементи што по дефиниција не може да постојат кога станува збор за дете.

## 1.1. Методологија и структура на трудот

Методолошки, трудот се темели врз правно-доктринална анализа и компаративен пристап, со цел да се утврдат нормативните, концептуалните и процесните празнини во националната казненоправна рамка во однос на современите, технолошки посредувани форми на сексуална злоупотреба на деца. Анализата се фокусира на релевантните одредби од Кривичниот законик на Република Северна Македонија (чл. 149, 152, 190-а, 193, 193-а, 193-б и 418-г), оценувајќи ја нивната материјално-правна структура, опфатот на инкриминациите и нивната применливост во дигиталниот контекст.

Компаративниот дел ги споредува националните решенија со релевантните меѓународни и европски стандарди, меѓу кои: Конвенцијата за правата на детето, Опционалниот протокол за трговија со деца, Конвенцијата од Ланзароте, Директивата 2011/93/ЕУ и актуелните европски иницијативи за спречување сексуална злоупотреба на деца.

Структурно, трудот е организиран на начин што овозможува постепено преминување од општите меѓународни стандарди кон специфичните национални

предизвици и нормативни решенија. Во вториот дел се дава историски и нормативен преглед на меѓународните и европските стандарди за заштита од сексуална злоупотреба и експлоатација на деца. Третиот дел ја анализира националната казненоправна рамка и нејзината способност да ги опфати современите дигитални форми на злоупотреба. Во четвртиот дел се разгледуваат системските правни, технолошки и доказни предизвици поврзани со адресирањето на онлајн злоупотребата. Петтиот дел ги идентификува клучните нормативни празнини што произлегуваат од дигитализацијата, додека, пак, шестиот дел предлага концептуални насоки за модернизација на казненоправната рамка. Трудот завршува со заклучок и препораки за насочување на идните истражувања.

## 2. Општи, меѓународни и европски стандарди

Сексуалната злоупотреба и експлоатација на деца претставува феномен со длабоки историски корени. Во различни периоди од човековата историја постоеле општествени практики и норми што денес би се сметале за неприфатливи и штетни за децата.[5] Иако современото право недвосмислено ги признава децата како субјекти со посебна заштита, историската перспектива покажува дека концептот на детството како категорија што бара засилена заштита се развива постепено.

Оваа историска еволуција е клучна за разбирање на современите меѓународни и европски правни стандарди. Заштитата од сексуална злоупотреба не е статичен концепт: таа е резултат на повеќедецениско јакнење на свеста за специфичната ранливост на децата, проширување на доменот на човековите права и постепено кристализирање на позитивните обврски на државите. Првите темели за заштита на децата како посебна правна категорија се поставени со Женевската декларација за правата на детето од 1924 година, која за првпат ги изразува основните принципи на посебна грижа и заштита.[6] Овие идеи се продлабочуваат

---

[5] Westlake, B. G. (2020). The past, present, and future of online child sexual exploitation: Summarizing the evolution of production, distribution, and detection. In T. Holt & A. M. Bossler (Eds.), The Palgrave Handbook of International Cybercrime and Cyberdeviance (pp. 1225–1253). Palgrave Macmillan. https://doi.org/10.1007/978-3-319-78440-3_52.
[6] League of Nations. (1924). *Geneva Declaration of the Rights of the Child*. https://www.un.org/en/about-us/rights-of-child-1924.

со Декларацијата на Обединетите нации од 1959 година, во која се утврдува дека детето мора да биде заштитено од сите форми на суровост, занемарување и експлоатација.[7]

Клучниот исчекор е направен со Конвенцијата за правата на детето од 1989 година, која ги кодифицира правата на детето како правно обврзувачки стандарди.[8] Членовите 19 и 34 од Конвенцијата им наметнуваат на државите обврска да преземат ефективни мерки за спречување и санкционирање на сите форми на сексуална злоупотреба и експлоатација. Со ова, заштитата на детето од сексуално насилство преминува од морален и политички императив во јасно артикулирана правна обврска базирана врз принципите на достоинство, интегритет и најдобар интерес на детето.

Во следната фаза од развојот на меѓународното право се појавуваат специјализирани инструменти што го прошируваат и конкретизираат опфатот на заштитата. Дополнителниот протокол од 2000 година кон Конвенцијата за правата на детето за трговија со деца, детска проституција и детска порнографија претставува првиот универзален правно обврзувачки акт што детално ги дефинира и криминализира клучните форми на сексуална експлоатација.[9] Со него се воведуваат стандарди за кривична одговорност, меѓународна соработка и екстратериторијална надлежност што ја одразува транснационалната природа на овој вид криминалитет.

Паралелно, Будимпештанската конвенција за сајбер криминал од 2001 година ја поставува основата за модерна и ефективна меѓународна соработка во истрагата и гонењето на кривичните дела извршени преку интернет.[10] Конвенцијата е првиот меѓународен инструмент што директно го признава интернетот како инфраструктура што овозможува и сексуална злоупотреба на деца, создавајќи процесни правила за следење, прибирање, зачувување и замрзнување дигитални докази. Иако не е насочена исклучиво кон

---

[7] United Nations General Assembly. (1959). *Declaration of the Rights of the Child*. https://www.childlineindia.org/pdf/Declaration%20of%20the%20Rights%20of%20the%20Child-1959.pdf.

[8] United Nations General Assembly. (1989). *Convention on the Rights of the Child*. https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/convention-rights-child.

[9] United Nations General Assembly. (2000). *Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child on the Sale of Children, Child Prostitution and Child Pornography*. https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/optional-protocol-convention-rights-child-sale-children-child.

[10] Council of Europe. (2001). *Convention on Cybercrime (Budapest Convention)*. https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/185.

сексуалната злоупотреба на деца, нејзините норми за електронски докази, пристап до компјутерски системи и меѓународна соработка претставуваат клучни механизми за гонење онлајн форми на злоупотреба, вклучително и материјали што се пренесуваат или се хостираат преку глобални дигитални мрежи.

Особено значајно место во европската нормативна архитектура има Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба од 2007 година, позната како Конвенцијата од Ланзароте.[11] Таа претставува првата меѓународна конвенција што ги интегрира онлајн формите на злоупотреба како составен дел на својата материја. Конвенцијата не само што ги криминализира традиционалните форми на сексуална злоупотреба, туку воведува и нови категории поврзани со користењето информациски и комуникациски технологии, меѓу кои и наведувањето дете за сексуални цели преку интернет (чл. 23), како и создавање, дистрибуција, ширење, пренесување, поседување или прибавување материјали од сексуална злоупотреба на деца (чл. 20). Со ова, меѓународното право експлицитно ја признава специфичната природа на дигиталната злоупотреба, која може да се изврши и без физички контакт, преку посредувана комуникација и преку глобална интернет-инфраструктура што го надминува класичниот концепт на јурисдикција.

На овие стандарди се надоврзува и европската рамка, особено Директивата 2011/93/ЕУ за борба против сексуалното злоупотребување, сексуалната експлоатација на деца и детската порнографија.[12] Директивата врши хармонизација на инкриминациите низ Европа и воведува обврски што директно се однесуваат на современите дигитални форми на злоупотреба, вклучително и наведувањето дете преку ИКТ, онлајн преноси на злоупотреба во живо, кривичната одговорност на правните лица и обврските за државите да обезбедат отстранување или блокирање незаконски онлајн содржини. Со ова, европското право ја проширува улогата на државите од класичен орган на гонење кон активен регулатор на дигиталните платформи и дигиталниот екосистем.

---

[11] Council of Europe. (2007). *Council of Europe Convention on the Protection of Children against Sexual Exploitation and Sexual Abuse (Lanzarote Convention)*. https://rm.coe.int/1680084822.

[12] European Parliament, & Council of the European Union. (2011). *Directive 2011/93/EU on combating the sexual abuse and sexual exploitation of children and child pornography, and replacing Council Framework Decision 2004/68/JHA*. https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:32011L0093.

Во Европската Унија во моментов се води интензивна правно-политичка дебата околу Предлог-регулативата за спречување и борба против сексуална злоупотреба на деца (CSA Regulation), предложена во 2022 година.[13] Оваа регулатива претставува прв обид на ЕУ да воспостави единствен, централизиран технички и правен систем за откривање, пријавување и отстранување материјали од сексуална злоупотреба на деца на дигиталните платформи. Предвидените мерки вклучуваат задолжителни процени на ризик од страна на провајдерите, можност за издавање наредби за детекција, обврска за соработка со националните координативни органи, употреба на технички алатки за откривање материјал со сексуална злоупотреба на деца и груминг, како и воспоставување посебен ЕУ-Центар за борба против сексуална злоупотреба на деца.

Во целина, меѓународната и европската нормативна рамка покажуваат јасна еволуција: од општи декларативни принципи за заштита на децата кон прецизни, обврзувачки и технички комплексни стандарди што се однесуваат на современите форми на сексуална злоупотреба, особено оние посредувани преку дигитални технологии. Оваа рамка поставува темел за оценување на националните казненоправни системи и нивната подготвеност да одговорат на еден од најдинамичните и најпредизвикувачки форми на криминалитет во современата доба.

## 3. Национална казненоправна рамка и дигиталните форми на сексуална злоупотреба

Националната казненоправна рамка во Северна Македонија историски се развивала во согласност со традиционалните концепти на сексуално насилство, кои претежно биле засновани врз физичка интеракција, просторна близина меѓу сторителот и жртвата и материјална трага од делото. Овој пристап, типичен за поголемиот дел од европските кривични системи во втората половина на XX век, создаде стабилен нормативен основ за заштита од класичните облици на сексуална злоупотреба, но истовремено го лимитираше

[13] European Commission. (2022). *Proposal for a Regulation of the European Parliament and of the Council laying down rules to prevent and combat child sexual abuse (COM/2022/209 final)* https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:52022PC0209.

доменот на инкриминираните дејства во ситуации каде што сексуалната штета е посредувана, индиректна или целосно дигитална.

Кривичниот законик содржи одредби што ја регулираат заштитата на децата од сексуална злоупотреба, меѓу кои централно место имаат делата полово дејство со дете, посредување во вршење проституција, прикажување порнографски материјал на дете и производство и дистрибуција на детска порнографија.[14] Овие инкриминации несомнено создаваат основен заштитен механизам, но нивната структура и нивниот опфат го следат традиционалниот модел на сексуален деликт, каде што штетата се поврзува со физички контакт, телесна интеракција или класично создавање и поседување порнографски материјал.

Со развојот на дигиталните технологии и појавата на онлајн злоупотреба, овие одредби сè потешко го опфаќаат целосниот спектар на современите форми на сексуална експлоатација. Иако членовите 193 и 193-а од Кривичниот законик обезбедуваат казненоправна заштита на децата од порнографија, нивната примена покажува ограничувања во однос на современите дигитални форми на злоупотреба. И двете одредби се изградени врз претпоставка за материјално или физички создадена порнографска содржина, додека, пак, доктрината – согласно толкувањето на Камбовски[15] – ги опфаќа и случаите на дигитална „вешта монтажа“ и дипфејк материјали во кои детето е прикажано како да учествува во порнографија. Сепак, практиката покажува дека надлежните органи не секогаш го препознаваат овој облик на манипулирана содржина како детска порнографија и, наместо тоа, го квалификуваат како злоупотреба на лични податоци.[16]

---

[14] Република Северна Македонија. (1996–2023). *Кривичен законик на Република Северна Македонија*, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18; и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 36/23, 188/23.

[15] Камбовски, В. (2015). Научен и практичен коментар на Кривичниот законик на Република Македонија: Интегрален текст (второ изменето издание), Скопје.

[16] Глас против насилство. (2024). *Зајакнување на правната заштита од сексуално насилство преку слики и дипфејк технологија: Компаративна анализа и препораки за унапредување на правната рамка во Република Северна Македонија*, Скопје. https://glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/Izvestaj-seksualno-nasilstvo-i-deepfake.pdf.

Уште еден значаен предизвик е тоа што инкриминациите во Кривичниот законик ретко ја препознаваат фазата на наведување и манипулација како самостојна форма на штетно однесување. Членот 193-б од Кривичниот законик го инкриминира намамувањето на обљуба или друго полово дејство на дете што не навршило 14 години, а примената на оваа норма открива значајни ограничувања во однос на онлајн наведувањето како самостојна форма на штетно однесување. Според важечката законска формулација, казненото дело постои само ако со намерата е остварена непосредна средба со детето, што значи дека фазата на дигитална манипулација, градење доверба, психолошка зависност и постепено наведување кон размена на експлицитни содржини останува несанкционирана доколку не дојде до физички контакт. Овој пристап е недоволен за современите облици на онлајн груминг, каде што штетата не произлегува од реализирано дејство, туку од самата динамика на дигитална злоупотреба. Како резултат, органите немаат доволно јасна основа за навремена и превентивна интервенција, а националната регулатива останува во јаз со меѓународните стандарди, кои бараат криминализирање на наведувањето и онлајн манипулацијата како самостојни форми на сексуална злоупотреба на деца.

Членот 418-г од Кривичниот законик обезбедува широк и строг нормативен опфат на сексуалната експлоатација на деца во контекст на трговијата со луѓе. Одредбата опфаќа врбување, превезување, прибавување, засолнување или какво било друго постапување со дете со цел негово користење во сексуални активности, вклучително и полови дејства, порнографија и други форми на сексуална експлоатација, при што се предвидени високи минимални казни, особено кога дејствата се извршени со сила, закана, измама, злоупотреба на доверба или ранливост, или кога жртвата е дете под 14-годишна возраст. Казнива е и употребата на сексуални услуги од дете за кое сторителот знаел или бил должен да знае дека е жртва на трговија, а согласноста на детето е правно ирелевантна. На овој начин, членот воспоставува силен заштитен механизам за децата изложени на сексуална експлоатација во рамките на трговијата со луѓе, усогласен со меѓународните стандарди за заштита на малолетниците.

Покрај овие инкриминации, постојат и други одредби од Кривичниот законик што индиректно се применуваат во случаи на дигитална сексуална злоупотреба, иако нивниот првичен опфат не е специфично насочен кон ваквиот вид деликти. Членот 149 – злоупотреба

на лични податоци – често се користи за случаи на споделување интимни фотографии, создавање дигитално манипулирана содржина или закани со нивно објавување, иако оваа одредба не прави разлика помеѓу обични лични податоци и материјали со сексуален карактер, ниту, пак, ја рефлектира тежината на сексуалната штета.[17] Членот 152 ги санкционира неовластеното создавање и неовластеното споделување снимки што ја повредуваат приватноста на лицето, опфаќајќи два облика на делото – незаконито снимање и последователно прикажување или пренесување такви снимки на трети лица. Сепак, иако обезбедува заштита на приватноста, одредбата не ја препознава специфичната сексуализирана штета кај случаи со интимна, манипулирана или дипфејк содржина, што ја ограничува нејзината примена во контекст на дигиталната сексуална злоупотреба.

Во целина, и покрај тоа што Кривичниот законик содржи повеќе одредби што делумно го опфаќаат феноменот на дигиталната сексуална злоупотреба на деца, нивниот опфат е фрагментиран, нецелосен и често заснован врз претпоставки за физички контакт и материјална содржина. Недостигаат јасни норми за синтетички создадена детска сексуална злоупотреба, манипулирани или дигитално генерирани порнографски материјали, онлајн наведување без физичка средба, сексуална уцена и злоупотреби што се одвиваат во живо преку интернет, што создава значајни празнини меѓу современите форми на дигитално насилство и националната правна рамка. Ова недвосмислено го потврдува потребното воведување нови казненоправни категории и усогласување на законодавството со реалностите на дигиталната ера.

## 4. Системски правни и технолошки предизвици во адресирањето на дигиталната сексуална злоупотреба на деца

Современата дигитална екосфера суштински ги менува динамиката и просторната логика на сексуалната злоупотреба на деца. Делата сè почесто се извршуваат во децентрализирана и транснационална инфраструктура, во која платформите, серверите и посредниците се распоредени во различни јурисдикции, а комуникацијата се одвива преку анонимни или криптирани канали. Во таква средина, традиционалните претпоставки за територијалност, физичка близина и директен контакт меѓу сторителот и детето стануваат

[17] Глас против насилство (2024), стр. 24–27.

недоволни за да го опфатат начинот на кој функционираат современите дигитални облици на злоупотреба.

Овие структурни карактеристики отвораат низа процесни предизвици, особено во доменот на обезбедување и зачувување на електронските докази. Дигиталните материјали се лесно уништливи, подложни на моментално пренесување кон сервери во странство или целосно избегнување запис – како во случаите на злоупотреба извршена во живо. Постојните процесни овластувања не секогаш овозможуваат навремено замрзнување, прибирање или чување на релевантните податоци, а зависноста од соработка со странски провајдери ја намалува ефикасноста на истрагите. Како резултат, значителен број случаи остануваат фактички недокажливи, и покрај сериозноста на дејството.

Покрај процесните ограничувања, технолошките иновации создаваат нови материјално-правни предизвици што не се експлицитно предвидени во позитивното право. Генеративните модели овозможуваат создавање високореалистични синтетички или комбинирани визуелни материјали со сексуализирани прикази на деца, кои во функционална смисла произведуваат идентична штета како автентичните, но не секогаш се вклопуваат во традиционалните дефиниции засновани врз физичко присуство на дете. Истовремено, автоматизираните механизми што платформите ги користат за откривање и пријавување сомнителна содржина отвораат прашања во поглед на приватноста, транспарентноста и пропорционалноста на дигиталните интервенции. Овие технички и правни аспекти укажуваат дека постојната казненоправна рамка е делумно неусогласена со комплексниот карактер на дигиталната злоупотреба, што дополнително ја оправдува потребата од современо нормативно редефинирање.

## 5. Нормативни празнини и насоки за модернизација на казненоправната рамка

Современите форми на сексуална злоупотреба на деца, посредувани преку информациски и комуникациски технологии, ја разоткриваат ограниченоста на националната казненоправна рамка да одговори на ризиците што произлегуваат од онлајн комуникацијата, транснационалниот карактер на делата и техничките можности за создавање и дистрибуција на сексуализирани визуелни материјали. Анализата на

нормативниот опфат, споредена со меѓународните стандарди, укажува дека доминантниот концепт на законот останува заснован врз традиционални модели на сексуално насилство, кои претпоставуваат физичка интеракција, просторна близина и материјална доказна трага. Овие претпоставки не кореспондираат со динамиката на современата дигитална злоупотреба, која е дислоцирана, анонимизирана, често лишена од физички контакт и извршена преку платформи со седиште во различни држави.

Во продолжение следува интегрирана анализа на клучните нормативни празнини, проследена со конкретни насоки за нивна модернизација.

### 5.1. Онлајн наведување, манипулација и сексуализирана комуникација

Една од најзначајните празнини е изостанувањето автономна инкриминација што ја опфаќа раната фаза на онлајн пристапување кон дете со сексуална намера. Конвенцијата од Ланзароте (чл. 23) и Директивата 2011/93/ЕУ го третираат дигиталното наведување – создавање доверба, постепено сексуализирање на комуникацијата, барање интимни материјали – како самостојно опасно однесување што бара рана интервенција. Во националното законодавство, пак, оваа фаза останува правно невидлива: криминализирана е само ситуацијата кога намерата води кон непосредна физичка средба.

Овој нормативен јаз го ограничува превентивниот капацитет на казненото право и ја усложнува можноста истражните органи да интервенираат додека е во тек манипулативниот процес. Со цел да се обезбеди ефективна заштита, неопходно е воведување самостојно казнено дело за онлајн наведување, кое ќе го опфати процесот на дигитална манипулација и сексуална комуникација, независно од постоењето физичка средба или материјализирана злоупотреба.

### 5.2. Материјали од сексуална злоупотреба: автентични, манипулирани и синтетички визуелни содржини

Постојните одредби за материјали од сексуална злоупотреба на деца претпоставуваат автентичност – реално дете снимано или фотографирано во сексуализирана ситуација. Во дигиталната ера, сепак, значителен дел од злоупотребата се

одвива преку синтетички, манипулирани или комбинирани визуелни материјали создадени со монтажа, дигитална манипулација или генеративни технологии (deepfake, CGI, AI). Ова создава ризици од неправилно квалификување, нееднакво постапување и недоволна заштита во практиката. Затоа е потребна модернизирана дефиниција на материјали од сексуална злоупотреба на деца што изречно ќе ги опфати синтетичките, генерираните и манипулираните визуелни репрезентации, вклучително и оние создадени без физичко присуство на дете.

### 5.3. Сексуална уцена, злоупотреба со интимни материјали и злоупотреба во живо

Современите дигитални практики покажуваат дека сериозни форми на сексуализирано изнудување, злоупотреба на интимни материјали и злоупотреба извршена во живо не се соодветно опфатени со постојните кривични дела. Сексуалната уцена – закана со објавување интимни, автентични или синтетички материјали – се третира како општа уцена, со што се губи специфичниот сексуализиран карактер на делото и се минимизира штетата врз малолетниците.

Дополнително, злоупотребата во живо (livestream abuse) претставува системски предизвик: отсуството на траен видеозапис го отежнува докажувањето на делото, а националното право не содржи одредба што ја адресира специфичноста на пренос во реално време. Исто така, постојните одредби за лични податоци не обезбедуваат соодветно санкционирање неовластено создавање, поседување или манипулирање интимни визуелни материјали.

Со цел да се обезбеди ефективна и сеопфатна заштита, неопходно е воспоставување автономна инкриминација што ќе го опфати феноменот на сексуална уцена, формулирање јасна и самостојна норма за злоупотреба на интимни визуелни материјали, како и експлицитно криминализирање на сексуалната злоупотреба извршена преку пренос во живо, независно од тоа дали постои траен запис од извршеното дејство.

### 5.4. Терминолошки усогласувања и системска модернизација

Конечно, неопходно е и терминолошко усогласување со меѓународната практика. Терминот „детска порнографија“ треба да се замени со „материјали од сексуална злоупотреба на деца“, во согласност со концептуалните рамки што ги нагласуваат неволноста, недостигот од согласност и сексуализираната штета како суштински елементи на делото. Ова усогласување не е само јазична корекција, туку показател на системска модернизација што ја преместува фокусната точка од содржината кон виктимизацијата.

**Заклучок**

Дигиталната средина не го менува само начинот на комуникација, туку суштински ја преобликува и природата на сексуалната злоупотреба и експлоатација на деца. Анализата покажа дека значителен дел од современите форми – онлајн наведување и манипулација, сексуална уцена со дигитални материјали, злоупотреба во живо преку пренос, како и користење синтетички или манипулирани визуелни содржини – не се вклопуваат целосно во традиционалните концепти на казненото право. Постојната национална регулатива, иако содржи релевантни инкриминации, во голема мера останува ориентирана кон физички контакт, материјален запис и просторна близина меѓу сторителот и жртвата, па значителен дел од технолошки посредуваните форми на виктимизација остануваат делумно или целосно непокриени.

Компаративната анализа со меѓународните и европските стандарди – особено со Конвенцијата за правата на детето, Опционалниот протокол, Конвенцијата од Ланзароте, Директивата 2011/93/ЕУ и тековните европски иницијативи за спречување сексуална злоупотреба на деца – недвосмислено укажува дека усогласувањето не може да се сведе само на формално преземање поими и дефиниции. Потребно е суштинско ажурирање на казненоправните категории, со кое онлајн наведувањето и манипулацијата со дете ќе се препознаат како автономна фаза на виктимизација, синтетичките и манипулирани визуелни материјали експлицитно ќе се вклучат во дефиницијата на материјали од сексуална злоупотреба, сексуалната уцена со интимни содржини ќе добие самостојна инкриминација, а злоупотребите преку пренос во живо ќе бидат санкционирани и во отсуство на траен запис. Паралелно, неопходно е јакнење на екстратериторијалната надлежност, процесните

механизми за прибирање и замрзнување дигитални докази и јасно нормирање на обврските на провајдерите за откривање, пријавување и отстранување незаконска содржина.

Во таа смисла, потребата од нови казненоправни категории не претставува само техничко проширување на Кривичниот законик, туку услов за реално остварување на позитивните обврски на државата за заштита на децата од сексуална злоупотреба во дигиталната ера. Без модернизација на материјалните и процесните норми, правниот систем ризикува да остане реактивен и фрагментиран, со ограничен превентивен и заштитен ефект, особено во ситуации на транснационални, анонимизирани и брзо еволуирачки форми на онлајн криминалитет.

Идентификуваните празнини укажуваат и на јасна агенда за понатамошна научна и стручна разработка. Идните истражувања треба особено да се насочат кон: (1) емпириско мапирање на распространетоста, карактеристиките и патиштата на дигиталната виктимизација на деца во Северна Македонија; (2) детална анализа на институционалните практики во истрагата и гонењето, со фокус на правната квалификација, доказните стратегии и исходите на постапките; (3) критичка оцена на применливоста на избрани европски модели на криминализација и процесни решенија во домашниот контекст; и (4) систематско следење на технолошките трендови, особено во доменот на генеративната вештачка интелигенција и автоматизираните системи за детекција, и нивните импликации врз приватноста, доказните стандарди и основните права. Ваквиот развој на научната основа е предуслов за креирање долгорочно одржливи законски решенија и за обезбедување ефективна, сеопфатна заштита на децата во дигиталната средина.

**Користена литература**

Westlake, B. G. (2020). *The past, present, and future of online child sexual exploitation: Summarizing the evolution of production, distribution, and detection*. In T. Holt & A. M. Bossler (Eds.), *The Palgrave Handbook of International Cybercrime and Cyberdeviance* (pp. 1225–1253). Palgrave Macmillan, https://doi.org/10.1007/978-3-319-78440-3_52.

Lanzarote Committee. (2022). FACTSHEET – NORTH MACEDONIA, Implementation Report on "The protection of children against sexual exploitation and sexual abuse facilitated by ICTs: Addressing the challenges raised by child self-generated sexual images and/or videos (CSGSIV)". Council of Europe, https://rm.coe.int/factsheet-north-macedonia-the-protection-of-children-against-sexual-ex/1680acdeab.

University of Edinburgh. (2024, May 28). Scale of online harm to children revealed in global study, https://www.ed.ac.uk/news/2024/scale-of-online-harm-to-children-revealed-in-globa.

United Nations General Assembly. (1989). Convention on the Rights of the Child, https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/convention-rights-child.

МВР – Биро за јавна безбедност, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа, бр. 23.4-555/1, „Годишен извештај 2024", 10 април 2025 година, http://arhiva.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Godisen%20izvestaj/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%202024.pdf.

European Commission, North Macedonia 2025 Report, SWD(2025) 753 final, Brussels, 4 November 2025, https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/267b368e-6b55-4a42-bb72-6395593de4da_en?filename=north-macedonia-report-2025.pdf.

United Nations General Assembly. (1959). Declaration of the Rights of the Child, https://www.childlineindia.org/pdf/Declaration%20of%20the%20Rights%20of%20the%20Child-1959.pdf.

United Nations General Assembly. (2000). Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child on the Sale of Children, Child Prostitution and Child Pornography, https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/optional-protocol-convention-rights-child-sale-children-child.

Westlake, B. G. (2020). The past, present, and future of online child sexual exploitation: Summarizing the evolution of production, distribution, and detection. In T. Holt & A. M. Bossler

(Eds.), The Palgrave Handbook of International Cybercrime and Cyberdeviance (pp. 1225–1253). Palgrave Macmillan, https://doi.org/10.1007/978-3-319-78440-3_52.

League of Nations. (1924). Geneva Declaration of the Rights of the Child, https://www.un.org/en/about-us/rights-of-child-1924.

Council of Europe. (2001). Convention on Cybercrime (Budapest Convention), https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/185.

United Nations General Assembly. (2000). Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child on the Sale of Children, Child Prostitution and Child Pornography, https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/optional-protocol-convention-rights-child-sale-children-child.

Council of Europe. (2007). Council of Europe Convention on the Protection of Children against Sexual Exploitation and Sexual Abuse (Lanzarote Convention) https://rm.coe.int/1680084822.

European Parliament, & Council of the European Union. (2011). Directive 2011/93/EU on combating the sexual abuse and sexual exploitation of children and child pornography, and replacing Council Framework Decision 2004/68/JHA, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:32011L0093.

Република Северна Македонија (1996–2023). Кривичен законик на Република Северна Македонија, „Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18; и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 36/23, 188/23.

**Martina Drangovska Martinova, LL.M**[18]

# DIGITAL TRANSFORMATION OF CHILD SEXUAL ABUSE AND EXPLOITATION: THE NEED FOR NEW CRIMINAL LAW CATEGORIES IN NORTH MACEDONIA

**Abstract**

The digital transformation has created new, technologically mediated forms of child sexual abuse and exploitation that substantially exceed traditional criminal law concepts and pose significant challenges for national legal systems. Although international and European standards increasingly integrate the digital dimension into their binding frameworks, the criminal legislation of North Macedonia has not yet achieved the necessary level of normative precision or technological alignment. This paper evaluates the national criminal law framework in light of international standards and relevant EU policies, identifying key gaps in the scope, definitions, and practical applicability of existing offences.

Through doctrinal legal analysis and a comparative approach, the paper demonstrates that current provisions insufficiently address contemporary forms of abuse, including online grooming and manipulation of children, sexual extortion involving digital content, and offences facilitated through synthetically generated visual materials. The absence of explicit, technologically appropriate criminal categories results in partial sanctioning of such conduct and significantly constrains the effectiveness of criminal prosecution.

The paper concludes with proposed directions for introducing new criminal law categories and modernising existing norms to ensure a more comprehensive, contemporary, and proactive system of child protection in the digital environment.

**Keywords:** *digital child sexual abuse, child sexual exploitation, criminal law protection, online offending, child sexual abuse material.*

[18] LL.M. in Criminal Law, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Law “Iustinianus Primus”, Institute of Criminal Law. Research interests: digital rights, data privacy, child protection. E-mail: mmartinova@proton.me.